...прв дознава.
20.08.2007 :: Бр. 13579

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ СЕ СРЕТНА СО НАЈДОБРИТЕ МАКЕДОНСКИ МЕНАЏЕРИ ВО СВЕТОТ

# Мајк Зафировски во посета на Македонија

Црвенковски ги искажал очекувањата од придонесот на нашите иселеници преку организацијата "Македонија 2025", која е формирана од страна на Зафировски



Првиот човек на канадската телекомуникациска компанија "Нортел", Мајк Зафировски е во посета на Македонија. Тој заедно со група угледни и успешни светски бизнисмени со македонско потекло, вчера, во Охрид беше примен од претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенковски, кој ги информираше гостите за актуелната ситуација во земјава и ги запозна со приоритетите за нејзиниот економски развој и за напорите за влез во НАТО и ЕУ.

Како што соопштија од кабинетот на претседателот, Црвенковски ги искажал очекувањата од придонесот на нашите иселеници преку организацијата "Македонија 2025", која е формирана од страна на Мајк Зафировски. Црвенковски укажал на фактот дека македонските интеграции во голема мера се условени од економскиот развој.

- Гостите изразија задоволство од средбата со претседателот Црвенковски и од можноста непосредно да го запознаат за нивните активности поврзани со остварувањето на проектот кој ги обединува нашите иселеници од бизнис заедницата, а на полето на привлекување на странски инвестиции и севкупен економски развој на земјава - стои во соопштението.

Покрај Зафировски, во земјава пристигнаа и Џон Битов, претседател и извршен директор на "Priczm Canadiean Income Fund" и "Canadian Satellite Radio-XM Canada". Во тимот на основачи на "Македонија 2025" се и Митре Кутановски, поранешен извршен директор на Amerikan Express и моментално претседател и извршен директор на Mitre Group, Љупчо Наумовски, заменик-претседател и генерален менаџер за Русија на KinrossGold Corp и Венко Григоров, основач и генерален менаџер на "Логин системи".

За време на тридневната посета на земјава, тимот "Македонија 2025" ќе одржи две сесии на тема "Совети за обезбедување на инвестиции за вашиот бизнис".

***(С. Бл.)***